Архивски знак: 0472
Рок на чување: ___ год.
16.08. 2021 година
Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.10.00.УП.001.06-ОБ.04.06

Врз основа на член 7 став 2 од Закон за Царинската управа („Сл. весник на Р.М" број 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/2010, 158/2010, 53/2011, 113/2012, 43/2014, 167/2014, 33/2015, 61/2015, 129/2015, 23/2016, 120/2018, 248/2018 и 122/2021), а во врска со член 8-а став (1) алинеја 4 од Изборниот законик („Сл.весник на РМ" број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19, 42/20 и 74/21), а согласно Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и советот на Градот Скопје и градоначалници на општините и градоначалник на Градот Скопје број 09-3732/1 од 06.08.2021 година („Сл.весник на РМ"бр. 185/2021), директорот на Царинската управа ја донесува следната

ОДЛУКА

1. Со оваа одлука постапката за спроведување на јавниот оглас број 02/2021 година за вработување на 16 извршители на определено работно време, објавен во весниците Слободен печат и Коха на ден 06.08.2021 година, СЕ СТАВА ВО МИРУВАЊЕ.

2. За продолжување на постапката директорот ќе донесе посебна одлука.

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзино донесување.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Во член 8-а став (1) алинеја 4 од Изборниот законик („Сл.весник на РМ" број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19, 42/20 и 74/21) е предвидено дека од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори за избор на градоначалник па до завршување на изборите за избор на градоначалник не може да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи. Од причини што со Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и советот на Градот Скопје и градоначалници на општините и градоначалник на Градот Скопје број 09-3732/1 од 06.08.2021 година објавено во Службен весник на РСМ бр. 185/2021 е донесена одлуката за распишување на избори, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

в.д.директор,
М-р Славица Кутиров

Бр. 04-045167/21-0046
Скопје, 16.08.2021 г. 17. 08. 2021

Доставено во оригинал до:
- Архива,
- Предмет.

Изработил: Павлина Цветановска
Одобрил: Јелена Ципушева
Согласен: Валентина Пивоварова